*Никола ЖЕЖОВ*

**УДК: 323.273(495-22)„1945/1949"**

# СЕЛОТО ПОЖАРСКО ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА 1946-1949 ГОДИНА

***Кратка содржина***

*Во виорот на Граѓанската војна во Грција, активно бил вклучен и македонскиот народ од Егејска Македонија. Македонците од Мегленско застанале на страната на Демократската армија на Грција. Селото Пожарско кое целосно било населено со Македонци по етничка припадност се нашло во првите борбени редови и претставувало типичен пример на македонскиот непокор во Егејска Македонија. Ниту големиот број на загинати македонски борци и грчката политика на асимилација и денационализација, не ја смениле националната структура на Пожарско кое и до денешни дни е населено само со Македонци по националност. Оваа статија е само дел од трагичната, но и херојска историја на ова македонско село од Егејска Македонија.*

***Клучни зборови:*** *ГРАЃАНСКА ВОЈНА, ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА, ДАГ, НОФ, ПОЖАРСКО, ТЕРОР*

По завршувањето на Втората светска војна, Егејска Македонија останала под грчка власт. Очекувањата на Македонците кои учествувале на страната на грчката национално ослободителна војска (ЕЛАС) и грчкиот национално ослободителен фронт (ЕАМ) биле дека конечно ќе се реши македонското прашање на овој дел од етногеографската карта на Македонија. Поради конфликтот со раководството на ЕЛАС и КПГ заради тактизирањето со македонското прашање, македонските партизански единици ја напуштиле Егејска Македонија и учествувале во завршните операции за ослободување на НР Македонија. Англиската воена интервенција во Грција и договорот во Варкиза во февруари 1945 година со кој бил верификуван воено-политичкиот пораз на ЕЛАС, биле вовед во почетокот на Граѓанската војна во Грција. Пред опасноста од етничко чистење на Македонците, во текот на 1945 и 1946 година, македонското национално ослободително движење организирало самостојни партизански одреди во Егејска Македонија кои се бореле против грчката војска и странските интервен-

ционисти. Во услови на систематски терор на грчката власт, македонското национално ослободително движење во Егејска Македонија претставено од воено-политичката организација Народно ослободителен фронт (НОФ) повторно се решило на соработка со КПГ и со новоформираната Демократската армија на Грција (ДАГ).

Настаните од Граѓанската војна во Грција со своите трагични последици оставиле неизбришливи траги во Егејска Македонија. Од борбените дејствија меѓу спротивставените страни во војната настрадале многу населени места. На удар на грчките владини трупи и паравоените вооружени формации што биле формирани од грчката влада, најмногу биле селата каде доминантен бил македонскиот етнички елемент. Состојбата, особено била драматична и во Мегленската околија, меѓу другото и поради поволната геостратегиска положба на овој дел од Егејска Македонија. Во еден таков склоп на околности, настаните од Граѓанската војна во Грција не можеле да го одминат и селото Пожарско.[1]

Пожарско било едно од поголемите села во Мегленската околија кое е сместено веднаш под падините на Кајмакчалан во близина на денешната македонско-грчка граница. Близината на границата и можноста за маневрирање поради планинската конфигурација на земјиштето, му давале посебна важност на ова село во плановите и на ДАГ и на грчката владина

---

[1] Кога се зборува за селото Пожарско, најчесто во предвид се има селото Долно Пожарско кое постои и ден денес. До 1947 година постоело и селото Горно Пожарско кое со тек на време започнало да се намалува зашто неговите жители започнале да градат куќи и да се населуваат во селото Долно Пожарско. Селото Горно Пожарско настрадало за време на Првата светска војна кога неговите жители биле иселени од бугарската војска во Тиквешијата. Во 1920 година, Горно Пожарско се водело како посебна населба со 79 жители, во 1928 година, 159 жители и во 1940 година, 185 жители. Селото било целосно напуштено за време на борбените дејствија од Граѓанската војна во Грција во 1947 година. Дел од неговите жители се иселиле во Југославија, а дел во селото Долно Пожарско. Долно Пожарско се наоѓало на помала надморска височина, во близина на познатите лековити Пожарски Бањи. Тоа е населба со целосен македонски етнички состав. Поради тоа што таму поминувала фронтовската линија, во Првата светска војна селаните биле иселени од бугарската војска во Тиквешијата, а по војната се вратиле назад во селото. Во 1920 година, Долно Пожарско имало 1.283 жители. Во 1924 година, од селото во Бугарија биле иселени 15 семејства. Од жителите на селото Долно Пожарско било основано и селото Јаворјани, Воденска околија. Во време на Граѓанската војна во Грција, селото Долно Пожарско многу настрадало при што најголем дел од неговите жители што биле симпатизери и учесници во ДАГ, се иселиле во Југославија. Според податоците од 1951 година, во Долно Пожарско живееле 725 жители, во 1961 година, 947 жители, додека во 1971 година, 1063 жители, претежно од македонска националност.

војска. Затоа и двете завојувани страни на неколку пати се обидувале и воjнички да го запоседнат селото со што им се создавала многу поволна ситуација во поглед на контролата и на другите населени места во Мегленско. Поради таквата констелација на односите, во текот на војната во околината или во Пожарско се воделе жестоки борби кои предизвикале големи човечки жртви и материјални разурнувања.

Во предвечерието на војната, селото Пожарско било населено исклучиво со Македонци. Тоа е едно од ретките села во Мегленско кое го задржало македонскиот етнички карактер со децении наназад. Во 1946 година во Пожарско немало ниту еден колонист и ниту еден Грк. Македонската етничка компактност претставувала еден од карактеристичните белези на ова непокорно македонско село. Македонскиот етнички карактер на Пожарско не се должел на некој шовинизам или омраза на Македонците кон другото немакедонско население туку повеќе бил израз на сплотеноста и единството и неподлегнувањето на грчките притисоци за иселување од селото. Во таква состојба Пожарско ја дочекало Граѓанската војна во Грција.

Отпорот на Македонците од Пожарско против грчката власт јавно бил деклариран на парламентарните избори од 31 март 1946 година кога на повик на КПГ и НОФ, селото ги бојкотирало изборите. Како одмазда за таквиот чин, грчката војска и жандармерија извршиле големи насилства врз селаните, а состојбата ескалирала до тој степен што до изборните комисии не стигнал никаков извештај за излезноста на гласачите.[2]

Во летото 1946 година воените дејствија сè повеќе се приближувале кон Мегленско. Поради присуството на партизанските одреди, грчката владина војска презела сурови репресалии врз цивилното македонско население. Во голем број случаи, војската ја имала поддршката и од маџирското колонистичко население кое се наоѓало во околните мегленски села. Летото 1946 година, партизаните во близина на селото Пожарско го ликвидирале трговецот Михали од селото Струпино инаку со маџирско потекло, а убиството било направено токму заради неговата шпионска активност во корист на грчката власт. За само половина час откако дознале за убиството на нивниот соселанец, Маџирите од селото Струпино вооружени со оружје што го добивале од владата во Атина, носени од шовинистичка омраза на патот меѓу Струпино и Пожарско ги убиле сите Македонци што ги затекнале да работат во своите ниви.[3]

---

[2] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури, Скопје, 1975, 185.

[3] Сеќавања на Иван Чаповски, 14 септември 2005 година, Скопје. (аудиоснимката е во приватната збирка на авторот, Н. Ж.).

Во селото Горно Пожарско[4] во август 1946 година пристигнала грчка војска и се сместила во македонското семејство Јачови каде цел ден јаделе и пиеле. Излегувајќи од селото грчката војска наишла на синот на истото семејство, Кољо Митрев Јачов, го натерале да се качи на една карпа и го застрелале под претекст дека бил партизан и дека сакал да бега по издадената наредба да застане. Убиството на момчето го виделе неколку селани.[5] Трајко Жежов од истото село, откако не бил најден неговиот татко, од страна на грчката војска бил однесен во гарнизонот во село Тресино, десет дена по ред бил безмилосно тепан и држан без храна. Трајко Крстев од селото Горно Пожарско бил земен и тепан цела ноќ во жандармериската станица во гратчето С'ботско, а потоа изутрината бил жив закопан на градските гробишта. Ѓорѓи Катаров од истото село бил фатен и осуден дека соработувал со партизаните и по кратка постапка веднаш бил стрелан.[6]

Во тој временски период селото Пожарско и другите мегленски села биле крстарени од огромна грчка војска и полиција која имала овластувања да убива без никакво судење, само ако некој бил посочен дека соработува со партизаните и со антифашистичкото движење. По поразот на грчките владини вооружени формации од партизански единици на ДАГ кај селото Саракиново, разлутените грчки војници и полицајци започнале да вршат терор и врз децата и младите момчиња во мегленската околија. Во селската продавница во Пожарско, Иван Жежов кој бил на 17 годишна возраст бил претепан од грчки војник само затоа што прозборел на македонски јазик.[7]

Во тој временски период се случиле повеќе воени судири меѓу единиците на ДАГ и грчката војска во близина на граничниот појас, околу врвот Кајмакчалан. По еден од тие судири во септември 1946 година партизанските единици на ДАГ го пробиле обрачот од грчка војска и жандар-

---

[4] Со текот на времето, селаните од Горно Пожарско се населиле во пониските предели и создале нова населба-Долно Пожарско, така што Горно Пожарско било целосно напуштено и престанало да постои како населено место. Во останатиот дел од текстот кога се споменува името на селото Пожарско-се однесува токму на селото Долно Пожарско.

[5] Наум Пејов, Македонците и Граѓанската војна во Грција, Скопје, 1968, 118.

[6] Сеќавања од Жежов Ристо Иван од село Пожарско, 11 август 2005 година, Штип. (аудиоснимката е во приватната збирка на авторот, Н. Ж.). Според некои архивски податоци, Ѓорѓи Катаров од селото Пожарско, на 22 годишна возраст бил убиен на 17 февруари 1946 година (Архив на Македонија, Егејска Македонија во НОБ 1947, том IV, Скопје, 1980, 121.); Ташко Мамуровски, Македонците во Егејска Македонија (1945-1946), Скопје, 1995, 98.

[7] Ibidem.

мерија и се повлекле од таа област. Во битката што се случувала непосредно до пограничната караула, грчката војска имала само еден ранет војник кој со нож бил прободен од партизанскиот борец Иван Дулев. И покрај тоа што немале човечки загуби, како одмазда за неуспешниот воен потфат, монархофашистичката солдатеска решила да се пресмета со селаните во Пожарско и да им изврши притисок за нивно иселување. Нападот врз селото Пожарско се случил на 25 септември 1946 година кога водачот на грчката воена единица Кирјакос, навлегол со своите војници од правецот на селото Тресино. Први на удар во Долно Пожарско биле селаните Ристо Липитка и Димо Порданов на 75 годишна возраст кои биле фатени од грчките војници кај селската чешма. Селанецот Ристо Липитка бил убиен на самото место додека старецот Димо Порданов од тешкото малтретирање им подлегнал на повредите на патот за гратчето С'ботско.[8] На влезот во селото Пожарско, командантот на грчкиот батаљон што доаѓал како казнена експедиција, Киријакос, со неколку удари од бастун го усмртил Ристо Ванулов којшто се миел во реката. Тоа претставувало сигнал за војниците да започнат со испланираниот терор. Уште истиот ден во училиштето во Пожарско биле собрани речиси сите селани за кои се сомневало дека ги помагале партизаните, додека нивните најблиски биле наредени пред училиштето и под закана од стрелање со пушкомитралез биле принудени да го слушаат или гледаат нивното мачење. Селаните Ѓорѓи Трпчев и Ристо Бурназов биле тепани со кожени ремени и стапови. Тепањето со дрвените стапови се вршело на тој начин што од двете страни имало наредено војници, така што жртвите биле принудени да поминуваат низ тој кордон од едниот до другиот крај на училницата по неколку пати. Потоа луѓето што биле инквизиторски измачувани од страна на грчката војска насилно биле принудувани да легнат на стомак по што следувало безмилосно тепање со дрвени стапови по грбот. Но тука не запирале маките на заробените, бидејќи мачењето продолжувало со тоа што жртвите биле принудени да легнат и на грб за да бидат тепани и во пределот на стомакот.[9] Ѓорѓи Трпчев бил сурово тепан од грчката војска уште кога бил земен од дома сè до училиштето. Селанецот Иван Адраманов бил немилосрдно тепан иако едниот син насилно му бил регрутиран во грчката војска, според грчкиот офицер, тепањето и мачењето било за неговиот втор син што се борел во

---

[8] Ташко Мамуровски, Мирка Гинова(1916-1946), живот и дело, Скопје, 1996, 49; Ташко Мамуровски, Македонците во Егејска Македонија...op.cit., 98.
[9] Сеќавања од Јакимовска Стојанка од село Пожарско, 14 август 2005 година, Штип. (аудиоснимката е во приватната збирка на авторот, Н. Ж.).

единиците на ДАГ.[10] По безмилосното тепање што траело подолг временски период, луѓето што биле внатре излегле целите окрвавени, но веднаш по нив биле прозвани други луѓе за кои се сомневало дека соработуваат со партизаните. Во селото од грчката воена единица на Кирјакос тогаш до смрт биле претепани вкупно 14 селани меѓу кои биле и Ана Зерзева, Ристо Јанчев и Ѓорѓи Дурдубаков.[11] Во физичките ликвидации настрадал и сопругот на Камена Христова Трпкова кој бил фатен и претепан од грчката војска од што и починал.[12] Борис Николов пак, којшто бил еден од борците во ДАГ и покрај инквизиторските методи на измачување врз неговите соселани, не бил поткажан од нив и откако претходно се засолнил во една импровизирана скривница во близина на неговата куќа, побегнал од селото.[13] По извесно време кога селаните помислиле дека дошол крајот на измачувањата, црковната камбана се огласила повторно што значело дека луѓето пак треба да се соберат на сред село. Овој пат грчките војници пред училиштето го изложиле мртвото тело на еден борец на ДАГ од градот Воден што било пронајдено по завршувањето на битката со партизаните во близина на караулата. Пред насобраниот народ грчките војници се изживувале со телото на мртвиот борец, а во тоа најмногу предничел еден гркоман од селото кој му ставал леб во устата на починатиот и го удирал со клоци беспомошниот труп, на што грчките војници му аплаудирале со извици на одобрување. Во наредните денови дошло до нови битки во Мегленскиот дел на Егејска Македонија и тоа во месноста Пресека во близина на границата каде грчката војска претрпела голем пораз од партизанските единици на ДАГ.

После овој настан положбата на Македонците во овој крај станала толку неподнослива што тие не смееле воопшто да се одалечуваат од своите куќи за да ги извршуваат секојдневните селски работи. Сите селани кои би биле фатени во шумскиот појас над селото Пожарско биле стрелани на лице место од страна на грчката војска. Во атарот на селото тие денови бил фатен Ристо Дурдубаков како го паси добитокот и без никакво предупредување бил фатен и безмилосно тепан од грчките војници. Успеал да се спаси благодарение на тоа што во близина имало партизанска група која

[10] Ibidem, Сеќавања од Жежов Ристо Иван; Сеќавања од Менка Чапова од село Пожарско, 13 август 2005 година, Штип.( аудиоснимката е во приватната збирка на авторот, Н.Ж.)

[11] Ташко Мамуровски, *Мирка Гинова*...op.cit., 49.

[12] Наум Пејов, Македонците и Граѓанската војна...op.cit., 119.

[13] Сеќавања од Марија Бурназова од село Пожарско, 11 август 2005 година, Штип. (аудиоснимката е во приватната збирка на авторот, Н.Ж.)

припукала на грчките војници и тие се разбегале.[14] Во општата хајка за етничко чистење на Македонците од селото Пожарско и другите места населени целосно со македонско население, од страна на грчката власт биле ангажирани и извесен број гркомани кои известувале за секоја соработка со партизаните. Така откако еден гркомански шпион во село Пожарско дознал дека Ристо Жежов ги снабдува со храна партизанските одреди од околината, била организирана заседа од грчката војска заради негово ликвидирање. Благодарение на тоа што во тој момент со него имало многу селани, тој се спасил од убиството, бидејќи војниците не сакале да пукаат во поголема група на луѓе што ќе предизвикало револт кај повеќето жители во Долно Пожарско.[15]

И покрај ваквите сурови мерки против македонскиот народ во ова македонско село, соработката на народот со партизанските единици на ДАГ не престанала. Тие дни во околината на селото Пожарско требало да се одржи состанок на членовите на штабот на ДАГ за Мегленската околија. Грчката војска преку некои свои агенти успеала да ја дознае куќата каде што бил закажан состанокот при што големи воени формации биле испратени да го опколат местото. За таквите намери на грчката војска дознал селанецот Тано Адраманов кој во последен момент ги известил членовите на партизанскиот штаб да ја напуштат куќата, со што се спасиле од погибија. Веднаш потоа Тано Адраманов се приклучил кон единиците на ДАГ и станал еден од најдобрите ракувачи со пушкомитралез.[16]

Селото Долно Пожарско во тие тешки услови на систематски притисоци за иселување успеало да ја задржи својата компактност и македонска етничка хомогеност, а исто така и покрај теророт и заплашувањата, ова мегленско македонско село продолжило да дава голем број партизански борци во редовите на ДАГ.[17] Големиот број на борци во ДАГ го потврду-

---

[14] Ibidem, Сеќавања од Жежов Ристо Иван.

[15] Ibid.

[16] Сеќавања од Жежов Ристо Иван.

[17] Според сеќавањата на Жежов Ристо Иван од селото Долно Пожарско во текот на Граѓанската војна во редовите на партизанските одреди загинале следните македонски борци: Јано Палов, Ѓорѓи Смреков, Крсте Јанов, Стојан Крстев, Ѓорѓи Гишин, Алексо Личнев, Ѓорѓи Стојков, Димо Јачов, Коле Причков, Петар Нушков, Васил Пасламушков, Апостол Плешков, Лазо Бегинков, Костадин Самандов, Ристе Волчев, Ристе Зерзев, Иван Митков, Иван Дулев и Ристе Јолев. Борци од селото кои ги преживеале борбените дејствија биле: Митар Самандов, Петар Палов, Коло Чичев, Митар Чичев, Ристе Јанов, Доне Адраманов, Коло Бурназов, Ристе Исков, Доне Лисичков, Петре Попов, Костадин Пејов и неговата жена, Стојан Пејов, Димо Јолев, Доне Јолев, Крсте Мишов, Костадин Рисафов, Стојан Димков, Трпко Бурна-

ваат повеќе жители од селото Пожарско кои биле учесници во настаните од Граѓанската војна.[18]

Зимата 1946 година во селото Пожарско влегол партизанскиот борец Лазо Чапов за да си го види своето потесно семејство. Околу полноќ куќата на Чапови била опколена од грчка владина војска. По извршениот претрес грчките војници го пронашле и го уапсиле Лазо Чапов кој бил однесен во притвор во една селска куќа каде веќе бил приведен и Иван Доков, борец што потекнувал од истото село. Грчките војници започнале безмилосно да ги тепаат и измачуваат двајцата македонски борци. Најпрвин тие го натерале Иван Доков да се соблече гол по што започнале да го

---

зов, Ристо Пејов, Лазо Чапов, Митар Ѓусмев и Ѓорѓи Жежов. (Можно е некои имиња и презимиња да се повторуваат повеќе пати, но се работи за различни личности. Во неможност да ги пронајдам средните, таткови имиња, ги пренесувам нивните имиња во изворната верзија, Н. Ж.);

[18] Необјавени писмени белешки на Лазо Чапов од село Пожарско. (дел од белешките се во приватната збирка на авторот, Н. Ж.). Според Чапов кој бил борец во партизанските единици, од селото Пожарско, во редовите на НОФ и ДАГ се наоѓале следните жители: Никола Ристе Исков, Иван Златан Дулев, Јана Пено Минкина, Ѓорѓи Пено Минкин, Костадин Иван Самандов, Ристе Стојан Доков, Ѓорѓи Иван Бојков, Митре Петре Плешков, Трајко Димо Крстев, Иван Ристе Крстев, Алексо Ѓорѓи Личнев, Методи Иван Чапов, Никола Мишов, Кољо Митре Волчев, Костадин Тано Ѓусмев, Петре Стојан Дошев, Ѓорѓи Иван Смреков, Митре Калин Нушков, Ѓорѓи Ристе Стојков, Ристе Костадин Кироваков, Крсте Трајко Јанов, Иван Ристе Мијов, Стојан Иван Крстев, Никола Митре Нусев, Ѓорѓи Ристе Шпиртов, Ристе Стојан Дулев, Апостол Петре Плешков, Иван Никола Рисафов, Никола Иван Жежов, Васил Ристе Учков, Кољо Калин Причков, Трајко Ѓорѓи Зерзев, Ристе Алексо Самандов, Петре Никола Палов, Јачо Ристе Трпчев, Ристе Трајко Јачев, Ристе Ѓорѓи Ѓишин, Ристе Трајко Кирков, Алексо Костадин Пејов, Танас Трајко Стојов, Мичо Костадин Кироваков, Трпче Иван Бурназов, Крсте Трпко Мишов, Митре Ристе Самандов, Пено Ѓорѓи Мишов, Митре Петко Чичев, Ѓорѓи Ристе Чичев, Кољо Петре Бурназов, Доне Ристе Јолев, Петре Ристе Митков, Стојан Анастас Сечков. Според белешките на Лазо Чапов, од селото Пожарско во периодот 1945-1949 година, загинале следниве борци: Никола Исков, Иван Златан Дулев, Јано Пено Минкин, Костадин Иван Самандов, Ристе Стојан Дошев, Митре Петре Плешков, Трајко Димо Крстев, Иван Ристе Катаров, Алексо Ѓорѓи Личнев, Методи Иван Чапов, Никола Мишов, Ристе Танас Зерзев, Костадин Ѓусмев, Петре Стојан Дошев, Ѓорѓи Иван Смреков, Митре Калин Нушков, Ѓорѓи Ристе Стојков, Ристе Костадин Кироваков, Крсте Трајко Јанов, Иван Ристе Митков, Стојан Иван Крстев, Ѓорѓи Ристе Шпиртов, Ристе Стојан Дулев, Апостол Петре Плешков и Иван Никола Рисафов.

удираат со дрвени стапови по целото тело. Откако тој паднал во безсознание од суровото измачување, војниците му наредиле и на Лазо Чапов да се соблече за да започне жестоката тортура и врз него. Меѓу грчките офицери имало еден човек што го познавал Чапов затоа што пред повеќе години заедно служеле воен рок и сакајќи да му помогне издал наредба уште еднаш да се провери кај некои нивни јатаци во селото дали тој навистина бил партизански борец. За среќа на Лазо Чапов селанката Марија Минкина чиј што маж бил грчки офицер негирала дека Чапов се борел во редовите на ДАГ. Така тој бил ослободен од грчките војници со напомена од неговиот познаник-офицер веднаш уште вечерта да го напушти селото затоа што можел да биде убиен. Лазо Чапов веднаш побегнал во планина избегнувајќи ги понатамошните грчки репресии.[19] Иван Доков откако починал од тепањето бил завиткан во едно ќебе и од страна на грчката војска бил закопан на селските гробишта во Пожарско каде неговиот гроб бил чуван една недела од војници за да не се случи неговите најблиски да го откопаат телото и да ја дознаат вистинската причина за неговата смрт.[20]

И во селото Пожарско постоеле голем број случаи кога во двете спротивставени војски биле мобилизирани браќа кои се бореле на различни страни. Тоа ја отварало можноста, Граѓанската војна да стане братоубиствена и за Македонците од Пожарско. Сепак трагичните последици биле избегнати зашто Македонците што биле регрутирани во грчката владина војска, најчесто дезертирале и со оружјето им се приклучувале на македонските партизански единици. Така во селото Пожарско, Иван Чапов отишол во редовите на ДАГ, додека неговиот брат Ристо Чапов бил регрутиран во редовите на грчката војска.[21]

Трагичната судбина не го заобиколила и семејството Јанови од селото Пожарско кое со години по ред претставувало голема пречка во денационализаторските планови на грчката власт. Сестрата Менка Јанова била активен борец во редовите на партизанските одреди на ДАГ, исто како и нејзиниот брат Ристо. Атанас Јанов пак во бројните казнени експедиции на грчката војска бил фатен и однесен во гратчето С'ботско каде бил тепан и измачуван за да признае дека соработува со партизаните. Потоа бил осуден на 12 годишен затвор и бил интерниран на грчките острови каде по 5

---

[19] Сеќавања од Иван Чаповски од село Пожарско, 14 септември 2005 година, Скопје.

[20] Сеќавања од Жежов Ристе Иван од село Пожарско.

[21] Сеќавања на Менка Чапова од село Пожарско, 13 август 2005 година, Штип.

години бил ослободен, по што пребегнал во федерална Македонија кај неговото потесно семејство.[22]

После сите овие настани општата состојба во Пожарско и околината станала неиздржлива и затоа голем број македонски семејства биле принудени уште во текот на 1946 година да се иселат во НР Македонија што била во составот на југословенската федерација. Во септември 1946 година многу македонски семејства од Пожарско биле принудени да ја преминат границата под притисок на грчкиот терор. Правците на движење на македонските бегалци кон Југославија претежно се реализирале во текот на ноќните часови и тоа во правец на врвот Кајмакчалан или преку месноста Средна и Сокол. Некои семејства од Пожарско, како семејството Николови во септември 1946 година, во една дождлива вечер успеало да се провлече низ граничниот појас преку месноста Мадемот во правец на Мрежичко во НР Македонија каде биле пречекани од југословенската милиција која потоа ги пренела во собирниот центар за бегалци во градот Кавадарци.[23] Стравот од тоа да не паднат во грчки раце бил толку голем што во моментите кога семејството Николови ја минувало границата и кога во ноќната тишина се слушнал плачот на едногодишната Тодорка Николова, во интерес на тоа да се спасат другите членови на семејството и останатите бегалци со нив, Борис Николов со тешко срце и рекол на жена си да го остави детето. Мајчинскиот инстинкт не се согласувал со тоа и на крајот покрај сите перипетии границата била безбедно помината, а малечката Тодорка ја доживела светлоста на денот и убавината на животот.[24]

Во текот на 1947 година во околината на Пожарско не престанувале тешките исцрпувачки битки меѓу единиците на ДАГ и грчката владина војска, која во тие моменти на дефанзива била помогната со воена и финансиска помош од САД. Во една од тие битки во месноста Граждено била сместена грчката владина армија, додека партизанските единици се наоѓале на растојание од околу еден километар, кај местото Гогово Гумно. Партизанските позиции во таа битка ги надлетувале американски борбени авиони кои ја бомбардирале месноста Гогово Гумно со запаливи бомби. Откако САД се вмешале во настаните од Граѓанската војна во Грција сè почеста била употребата на американската авијација во недостапните шумски предели во Егејска Македонија, каде според очевидци од мегленските села „планините ги запалија со авионите“.[25] Освен запаливите напалм бомби,

---

[22] Ibidem.

[23] Сеќавања на Марија Бурназова од село Пожарско, 11 август 2005 година, Штип (аудиоснимката е во приватната збирка на авторот, Н.Ж.).

[24] Ibidem.

[25] Сеќавања на Жежов Ристе Иван.

грчката војска и нивните американски сојузници употребувале и друго оружје во етничкото чистење на Егејска Македонија, кое било забрането со сите меѓународни конвенции за водење војни и вооружување. Во близина на селото Кронцелево, Воденско во битката со партизанските единици на ДАГ, американски авиони во низок лет пукале со распрснувачки думдум куршуми при што бил погоден борецот Ѓорѓи Исков од Пожарско, на кого како последица од прострелната рана му била исечена едната рака.[26] Американска авијација и тенкови против партизаните биле употребени и во судирот во близина на Пожарските Бањи што се случил во текот на 1947 година и траел неколку дена. Во борбените дејствија грчката војска имала голем број загинати војници и покрај постојаната воздушна поддршка што ја добивала од американските авиони кои жестоко ги бомбардирале партизанските позиции. На партизанските позиции со вештото ракување со пушкомитралез се истакнал селанецот од Долно Пожарско, Тано Адраманов кој неколкупати бил мета на авијацијата, но благодарение на добрата местоположба не бил погоден. И покрај големите материјални разрушувања на целата околина околу Пожарските Бањи, партизанските единици успешно се извлекле од обрачот, додека камионите биле полни со трупови на убиени грчки војници.[27]

Во 1947 година, владините трупи во сеопштата офанзива против единиците на ДАГ, запалиле повеќе куќи во селото Пожарско.[28] Во офанзивата, на 6 март 1947 година, во целост било изгорено селото Горно Пожарско.[29]

Во септември 1947 година, владините трупи на Грција повторно презеле офанзива од големи размери во која средиштето на борбите биле насочени во реонот на селото Пожарско. Тешка артилерија ги биела позициите на ДАГ во месноста „Кокина хомата“ во непосредна близина на Пожарските бањи.[30] На 15 септември 1947 година единиците на ДАГ презеле контраофанзива против владината војска во близина на селото Пожарско при што, според податоците на Штабот на ДАГ, му нанеле големи загуби

---

[26] Ibidem.

[27] Сеќавања на Доне Пејчев од Долно Пожарско што му ги раскажал на Жежов Ристе Иван за време на нивниот престој во бегалската населба во село Гаково, Војводина.

[28] Терористичкото гонење на народот и неговите последици ( март 1945-1947), Архив на Македонија, Егејска Македонија во НОБ 1947, том IV, Скопје, 1980, 98.

[29] Ibidem, 122.

[30] Ibid, 296.

на противничкиот табор.[31] Борбените дејства во близина на селото продолжиле и на 20 септември истата година.[32] Според податоците од Окружниот одбор на НОФ за Воденско, поради притисоците на грчката власт за етничко чистење на Егејска Македонија, од селото Горно Пожарско во 1947 година се иселиле 170 Македонци во Југославија.[33]

Во текот на 1948 година, за селото Пожарско може со сигурност да се потврди дека најголемиот дел од неговите жители ги поддржувале партизанските единици на ДАГ. Во деновите кога селото се наоѓало под контрола на ДАГ, од страна на привремените органи на власта биле направени мост на реката Топлица и мост на реката Црнарка.[34] Во Пожарско било отворено и училиште на македонски јазик.[35] Голема активност во полза на ДАГ имале и жените од ова македонско село кои преку организацијата АФЖ испраќале храна за потребите на ранетите борци.[36]

Во 1948 година продолжиле борбите меѓу владините трупи и ДАГ во близина на Пожарско. Артилеријата на грчката војска постојано го бомбардирала селото. На 6 февруари 1948 година врз Пожарско биле истрелани 6 артилериски гранати при што смртно била погодена една жена.[37] Интензивното бомбардирање на селото продолжило во текот на целиот месец. Според овие податоци, на 9 март 1948 година неколку гранати ја погодиле и уништиле селската црква.[38] Грчката владина војска се обидувала да внесе страв кај селаните и со постојаните блокади на Пожарско. Во обидите да се претстави како заштитник на македонските деца, во собирните центри организирани од владата во Атина биле однесени и 6 деца од селото Пожарско.[39] Според податоците на Прввремената демократска влада на Грција (ПДВГ) пак, во источно европските комунистички држави, само од селата Бизово, Саракиново, Долно Родево, Тресино и Пожарско кои се

---

[31] Информативен билтен на Штабот на ДАГ за Пајак-Каракамен за воените акции на ДАГ и теророт во Воденскиот округ, А.М., Егејска Македонија во НОБ 1947, том IV...op.cit., 309.

[32] Ibidem, 310.

[33] Ibid, 422.

[34] Информација за дејноста на народните одбори за решавање на народните проблеми во Воденскиот округ, А.М., Егејска Македонија во НОБ 1948, том V, Скопје, 1981, 61.

[35] Ibidem.

[36] Ibid, 63.

[37] Билтен за теророт во Воденскиот округ од монархофашистите од 5 јануари до 9 февруари 1948 година, А.М., Егејска Македонија во НОБ 1948... op. cit., 78.

[38] Ibidem, 114.

[39] Ibid, 179.

наоѓаат во Мегленската околија, во 1948 година биле испратени 540 деца.[40] Според некои податоци, најголемиот дел од децата од Пожарско биле испратени во Полска и Романија.[41]

Во април 1948 година, привремената власт на ДАГ во Пожарско како и во другите мегленски села под нејзина контрола започнала со прераспределба на обработливото земјиште на македонските селани, а покрај веќе отвореното училиште била отворена и амбуланта.[42]

На 24 август 1948 година во селото се случил судир меѓу неколку единици на ДАГ со грчката владина војска. Поради жестоките судири во близина на селото, голем дел од цивилното население започнало да бега во правец на границата или кон помалото гратче С'ботско. Вкупно 30 семејства од Пожарско побегнале кон С'ботско.[43]

---

[40] Реферат поднесен на реонската конференција на АФЖ за Караџова, АМ, Егејска Македонија во НОБ 1948...op.cit., 180.

[41] Сократ Пановски, Илија Лафазановски, Прогонство што трае, Скопје, 2005, 406/407. Од расположливите податоци дознаваме дека од селото Пожарско заминале во источноевропските држави, следниве деца: Иван Танас Адрамановски, Димитар Танас Адрамановски, Пена Танас Адрамановска, Димо Тано Аџимановски, Каљопа Ѓорѓи Бачанова, Риса Ѓорѓи Бајрамовска, Костина Ѓорѓи Биновска, Кољо Ристо Чичевски, Петре Ристо Чичевски, Риса Јован Краповска, Димитар Ристо Кучовски, Петре Ристо Дурдубаковски, Тина Ристо Дурдубаковска, Лена Ристо Дурдубаковска, Иван Бино Доковски, Лена Бино Доковска, Марија Ристо Дурдубаковска, Доне Бино Доковски, Ристо Стојан Ивантовски, Ѓорѓи Стојан Ивантовски, Тодора Иван Јолевска, Менка Костадин Кочовска, Велика Коста Кочовска, Тина Костадин Кочовска, Тодора Јован Личновска, Крста Тане Луговска, Риса Петре Личневска, Риса Кољо Личневска, Ристо Петре Личневски, Менка Доне Ничевска, Гица Доне Ничевска, Митра Јован Папаниколовска, Васил Јован Папаниколовски, Алексо Ристо Пецовски, Менка Ристо Пецовска, Менка Јован Пашковска, Марија Трајко Самандовска, Петре Костадин Смрековски, Лена Петре Самандовска, Тина Трпко Самандовска, Велика Трајко Самандовска, Ристо Костадин Смрековски, Ристо Ѓорѓи Таковски и Риса Тачо Трпчовска. Децата ги предводела т.н. Мајка-придружничка Митка Костадин Анџиовска, а по заминувањето на оваа група во Полска, само неколкумина од нив останале во Романија: Стојан Кушев, Трајко Кушев, Ѓорѓи Кушев и Трајанка Кушева-сите во градот Галац. ( ја оставам отворена можноста дека најголем дел од презимињата завршувале и на наставката - "ов"или "ев", Н.Ж.).

[42] Информација за учеството на Македонката во народната власт, А.М., Егејска Македонија во НОБ 1948...op.cit., 203.

[43] Ibid, 323.

И покрај масовното учество на Македонците од Пожарско на страната на ДАГ, грчкото комунистичко раководство, чувствувајќи го претстојниот пораз во Граѓанската војна, побрзало да се пресмета и со голем број македонски борци од ова македонско село. Употребувајќи лажни обвиненија за тоа дека Македонците се „шпиони", раководството на ДАГ за Мегленско на чело со секретарот Кирјакос наредило да се стрелаат македонските борци Ристо Дошев, Петар Плешков и Иван Катаров, сите од селото Пожарско. Егзекуцијата била извршена на местото наречено „Бачо", во Чрношевската планина, непосредно до југословенската граница.[44] Поради заканите од физички ликвидации и обвиненијата дека се „предавници", од партизанските одреди биле принудени да побегнат и повеќе други борци од Пожарско во правец на НР Македонија: Кољо Причков-Крум, Васил Учков, Пени Ѓусмев, Трајко Зерзев и други. Борецот Кољо Причков бил вратен од местото Градешница и стрелан во месноста „Рамнобор".[45]

Поразот на ДАГ во 1949 година оставил тешки последици врз ова мегленско село. Како резултат на постојаните вооружени дејства во селото и неговата околина имало голем број човечки жртви и од редовите на боречкото, но и цивилното население. Податоците од архивата на Здружението Егеј од Штип, но и сведоштвата на преживеаните учесници во војната од Пожарско посочуваат на бројка од неколку стотици загинати борци. Речиси и да нема семејство од Пожарско кое не дало жртва за време на војната. Во борбените дејствија од војната, раководството на ДАГ, стравувајќи од компактноста на Македонците во Пожарско, неретко ги прераспределувало борците од ова македонско село и во партизанските единици што се бореле надвор од границите на Егејска Македонија.[46] По завршувањето на војната во 1949 година, голем број од Македонците од Пожарско ги напуштале своите родни огништа под притисоците на грчките воени и жандармериски единици кои си поставиле цел да го избришат селото од географската карта на Егејска Македонија. Најголем дел од неговите жители од страна на југословенските власти биле населени во Војводина, за да подоцна поголемиот дел од нив создадат свои живеалишта во Република

---

[44] Спомени во ракопис на Димитар Кироваков, 90. (Ракописот е во постапка на техничка обработка и публикување, Н.Ж.).

[45] Ibidem.

[46] Според писмените белешки на Лазо Чапов, борецот Никола Исков од Пожарско загинал на планината Грамос, додека според сеќавањата на Крсте Нушков од 5 септември 2008 година( видеоматеријалот од разговорот е во приватната збирка на авторот, Н.Ж.), на планината Грамос во битките со грчката владина војска загинал и македонскиот борец Никола Иван Жежов, исто така роден во селото Пожарско.

Македонија и тоа во Штип и Штипско, Велес и Велешко, Прилеп и Прилепско, Скопје и Скопско и други места. Сепак и покрај сè, грчката власт не успеа да ги истера и уништи сите Македонци од Пожарско, бидејќи и по Граѓанската војна и до ден денес, ова село во Егејска Македонија е населено исклучиво со население од македонско етничко потекло.

*Nikola ZHEZHOV*

# THE VILLAGE POZAR IN THE GREEK CIVIL WAR (1946-1949)

***Summary***

*The ethnic Macedonian village Pozar in Aegean part of Macedonia was included in the Greek Civil War, particularly on the side of DAG. The village was settled only with ethnic Macedonians. During the War, in the area of Pozar, a lots of battles happened between the units of DAG and the regular greek army. Macedonians in this village gave many victims for their freedom and there is no family in Pozar which was not included with people in the War. Because of this, the greek government gave an orders to the regular army to destroy the Pozar or to force the Macedonians abandoning their homes and live the country. Despite the pressure and measures of ethnic cleaning from the Government in Athens, the village Pozar, even after the end of a Civil War was inhabited only with Macedonians with strongly national feelings.*

***Key words:*** *MACEDONIANS, CIVIL WAR, AEGEAN MACEDONIA, DAG, PARTISANS, ETHNIC CLEANING*